## BIBLIOGRAPHIA HISTORICO—OECONOMICA IUGOSLAVIAE; ZAGREB, 1978.

Добивајќи квалитетно сосема нови и солидни основи за својот развиток дури во периодот на социјалистичката изградба, Стопанската историја, иако релативно млада научна дисциплина, веќе бележи импозантни резултати во проучувањето на бројни прашања од областа на економската историја. Бројот на научните работници, кои целосно или делумно се посветуваат на проучување на стопанската историја, значително се зголеми. Бројот на библиографските единици исто така постојано расте. Тоа ја наметна потребата од издавање на една библиографија за стопанската историја. Напорите во овој правец на редакцијата на „Acta historico-oeconomica Jugoslaviae" и на поголемиот број научни работници од сите републики и покраини ја имаат за резултат наведенава Библиографија за економската историја на Југославија.

Библиографијата ги опфаќа трудовите од областа на стопанската историја објавени во периодот 1945—1976 година. Библиографските единици содржински се распределени по стопански дејности како што следува: I Рударство (с. 1—8); II Шумарство (9—13); III Сточарство (15—19); IV Населби, село—град, население и миграции (21—45); V Рибарство (47—50); VI Сол и солани (51—52); VII Поморство (53—73); VIII Задругарство (75—80); IX Сообраќај (81—89); X Трговија (91—106); XI Пари, банки, кредит, царина, цени и мерки (107—116); XII Домашно производство, цехови, занаетчиство, мануфактура и индустрија (117—142); XIII Земјоделство (143—172) и XIV Општи дела и специјални прилози за различни историско-економски и општествени прашања (173—214).

Библиографијата донесува вкупно 2.963 библиографски единици, факт што, без друго, доволно зборува за големиот интерес, што го предизвикува стопанската историја меѓу научните работници во Југославија. Освен прилозите, кои се однесуваат непосредно на економската историја, библиографијата содржи и такви прилози кои директно или индиректно придонесуваат за проучување на низа прашања од стопанската историја, макар што во трудов, од оправдани причини, не можеле да бидат регистрирани уште низа прилози, особено од општ карактер, кои во помала или поголема мерка се допираат и до прашања кои се предмет на економската историја.

На тој начин библиографијата ги презентира достигањата на економската историја од периодот на социјалистичката изградба на Југославија, а благодарение на преводот на библиографските единици на англиски, таа дава солидна основа за запознавање и на странските научни работници со југословенските достигања во економската историја. А тоа, секако, е значаен придонес на југословенската историографија кон општата економска историја.

Појавата на оваа библиографија е до толку позначајна што таа претставува прв и единствен

труд од ваков вид во нашата историографија. Имајќи го предвид значењето на библиографиите за научното истражување, овој труд ќе задоволи една веќе од поодамна итна потреба. Имено, сите оние што ги интересира стопанската историја добиваат трајно и значајно помагало во својата работа.

Треба да се одбележи, меѓутоа, дека начинот на кој се презентирани библиографските единици — на едно место за сите подрачја на Југославија — ја прави библиографијата непрегледна и „тешка" за ползување. Освен по гранки на дејноста, библиографските единици бездруго требало да бидат дадени и по социјалистички републики, а уште подобро и по историски периоди. Едно идно издание секако би морало да смета на ова.

Ристо ХРИСТОВ

## МАКЕДОНСКИОТ РЕВОЛУЦИОНЕРЕН ПЕЧАТ, СКОПЈЕ, 1979, 269

Во македонската историска наука досега не беше достаточно проучено прашањето за журналистичката дејност на Тајната македонско-одринска револуционерна организација (ТМОРО). Навистина, одделни историографи во своите трудови се ползуваа со одделни статии и прилози од одделни журналистички органи на Македонската револуционерна организација. Меѓутоа, досега се останувате само на тоа. За поголем дел од научно-културната и општествена јавност досега не беше позната и достапна издавачката дејност на пишаниот збор преку весници од страна на Македонската револуционерна организација, особено што најголем дел од печатените органи на Организацијата излегувале надвор од Македонија.

Секако на одреден начин се задоволи таа празнина од област та на младата македонска журналистичка наука со појавата на публикацијата *Македонскиот револуционерен печат* во издание на Мисла, Скопје. Истата содржи избрани статии од весниците *„Право", „Изгрев", „Дело" и „Слобода или смрт"*. Изборот и преводот на статиите е извршен од страна на познатиот наш општественик и журналист д-р Боро Мокров. Покрај тоа, Мокров е автор и на уводниот дел на публикацијата што се состои од два дела и тоа: Гоце и македонскиот револуционерен печат (с. 5—13) и Увод (с. 15—25). Во првиот прилог Мокров накусо нѐ запознава со огромниот интерес и дејност на апостолот на македонското национално-ослободително движење — Гоце Делчев околу потребата за издавање на весници како органи на Македонската револуционерна организација, како што се впрочем револуционерните весници: „Право", „Дело" и „Слобода или смрт". Со тоа авторот ни го прикажува Гоце Делчев како основоположник или духовен испи-